Република Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), Државната изборна комисија на седницата одржана на 15.11.2016 година го донесе следното

# УПАТСТВО

## за примена на член 165 став 3 од Изборниот законик

### Член 165 став 3

**_„ (3) Избирачко место не може да се определува за населено место во кое живеат помалку од десет избирачи и во ДКП каде има пријавено помалку од десет избирачи за гласање.„_**

1.Државната изборна комисија, согласно податоците од Избирачкиот список, констатира дека од вкупно 3480 избирачки места во државата во ______ ибирачки места – на подрачјето на ___ општински изборни комисиии се евидентирани помалку од 10 гласачи и тоа:

| | Број на гласачи | Број на Избирачко место | ОИК ОПШТИНА |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |

2. Имајќи ја предвид законската одредба од член 165 став 3 од Изборниот законик, а со цел на секој граѓанин да му се овозможи да го оствари своето уставно загарантирано право на глас, на граѓаните од избирачките места од точка 1 од ова Упатство ќе им се овозможи да гласаат на најблиското избирачко место со над 10 избирачи. При тоа, таму каде е можно да се почитува законската одредба од член 166 став 1 од Изборниот законик, во рамките на истата изборна единица.

3. Општинските изборни комисии од точка 1 на ова Упатство да не испраќаат избирачки одбори на избирачките места во кои се евидентирани помалку од 10 гласачи.

4. Гласањето за избирачките места со помалку од 10 гласачи да го спроведат избирачките одбори од најблиското избирачко место.

5. Навремено да се известат гласачите од избирачките места со помалку од 10 гласачи за местото каде можат да го остварат своето право на глас.

6. Се задолжуваат општинските изборни комисии од точка 1 на ова Упатство во соработка со подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија да го спроведат ова Упатство.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

Александар Чичаковски

**Број** 08 - 3188/1

16.11. **2016 година**